Друштво за едукација, тренинг и истражување
АМ ЦЕРТ ДООЕЛ
Бр. 03-1173/1
06. 11. 2025 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Архивски број: 03-11691/1
Датум: 05-11-2025

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги –
технички преглед и регистрација на службените моторни возила

Склучен помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул.„Борис Трајковски" бр.21 Скопје, претставувано од Данијела Доневска, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуги - технички преглед и регистрација на службените моторни возила на Министерството за финансии, по спроведената набавка од мала вредност по оглас број 17640/2025.

Составни делови на овој договор се прилозите:

Прилог 1 - Список на службените моторни возила на Министерството за финансии;

Прилог 2 - Финансиската понуда на носителот на набавката и

Прилог 3 - Список со број и локација на станици за технички преглед и регистрација на моторни возила.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Максималната вредност на договорот изнесува 200.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

На износот од став 1 на овој член се пресметува данок на додадена вредност кој изнесува 36.000,00 денари.

Максималната вредност на овој договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 236.000,00 денари.

Единечните цени за техничкиот преглед при регистрација на моторните возила се дадени во финансиската понуда на носителот на набавката, која е составен дел на овој договор.

Во единечните цени не се искажува износот на јавните давачки при регистрација и технички преглед на моторните возила.

Износот на јавните давачки треба да се искаже при фактурирањето за извршената услуга.

За возилата дополнително вклучени во Списокот на службени моторни возила на Министерството за финансии даден во (прилог 1) ќе се применуваат цените од финансиската понуда на носителот на набавката дадени како (прилог 2) која што е составен дел на овој договор, во зависност од категоријата на возилата.

Член 3

Единечните цени дадени во финансиската понуда на носителот на набавката се фиксни и непроменливи за цело времетраење на договорот.

При реализација на договорот за јавна набавка доколку има измени на регулираните цени кои се пропишани со одреден пропис цените дадени во понудата ќе се усогласат согласно измените на истиот.

Усогласувањето на цените е можно само во обемот на извршена измена на регулираната цена утврдена со пропис од надлежен орган, од денот на влегувањето во сила на наведениот пропис со кој се утврдуваат цените.

Усогласувањето на износот на цените се врши на барање на која било од договорните страни на договорот за јавна набавка, а по прифаќање од двете договорни страни.

Како релевантен доказ за промената на висината на цените ќе се користи Правилникот за висината на трошоците во постапка за проверка на техничката исправност на возилата.

## III. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на потпишувањето од двете договорни страни или до вредносно искористување на максималната вредност, во зависност од тоа што прво ќе настане.

## IV. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 10% од вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосно реализирање на договорот.

Со банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде безусловна, неотповиклива и на прв повик наплатлива од страна на договорниот орган, треба да биде издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија или од странска банка.

Недоставување на банкарската гаранција од став 1 на овој член претставува основ за раскинување на овој договор.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од овој договор.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја изврши услугата, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремено извршената услуга, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

## V. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 6

Техничкиот преглед и регистрацијата на службените моторни возила на договорниот орган ќе се извршува во станиците за технички преглед на носителот

на набавката според списокот со број и локација на станици за технички преглед и регистрација на моторни возила.

Носителот на набавката е должен да изврши технички преглед и регистрација на сите службени моторни возила на договорниот орган наведени во Списокот на службените моторни возила на Министерството за финансии, во времетраењето на договорот, во време и место кои ќе ги определи договорниот орган, а ќе соодвествува на потребите на договорниот орган.

За времетраење на договорот за јавна набавка можни се промени на регистарските таблички заради промена на корисникот кај договорниот орган.

Носителот на набавката е должен во текот на целото времетраење на договорот за набавката да ја извршува услугата што е предмет на договорот за јавна набавка и за сите останати моторни возила кои договорниот орган дополнително ќе ги стекне, во согласност со условите утврдени во договорот.

Рок за извршување на предметната услуга е веднаш по приемот на возилото.

## VI. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 7

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши вирмански во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган, а која се однесува на извршениот технички преглед и регистрација на секое поединечно моторно возило.

Кон фактурата за плаќање задолжително се приложува работен налог за извршена услуга, потпишан со полно име и презиме од претставник на договорниот орган и претставник на носителот на набавката.

Работниот налог, покрај другото, задолжително мора да содржи податоци за марката, типот и регистарскиот број на возилото.

Доколку фактурата не ги содржи сите податоци од став 2 и 3 на овој член, нема да биде платена и ќе биде вратена на носителот на набавката на дооформување или докомплетирање.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 8

Носителот на набавката е должен да го врши техничкиот преглед и регистрација во станиците за технички преглед и регистација согласно списокот со број и локација на станици за технички преглед и регистрација на моторни возила (Прилог 3), каде договорниот орган ќе може да ги носи службените моторни возила за технички преглед и регистрација.

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно со овој договор, понудата, тендерската документација, упатствата на договорниот орган и во согласност со законската регулатива за овој вид на набавка.

Член 9

Носителот на набавката се обврзува при извршувањето на своите обврски да ги почитува следните правила:

- на барање на договорниот орган, а во период на важење на договорот да врши технички преглед и регистрација на секое моторно возило наведено во Списокот на службени моторни возила на Министерството за финансии под услови дефинирани во договорот;
- во текот на целото времетраење на договорот за јавна набавка да ја извршува услугата што е предмет на договорот за јавна набавка и за сите останати моторни возила кои договорниот орган дополнително ќе ги стекне во согласност со условите дефинирани во договорот;
- при извршувањето на техничкиот преглед да им обезбеди приоритет во вршењето на услугата на моторните возила на договорниот орган, и
- да се грижи за навремено извршување на услугата во смисла на водење грижа за запазување на роковите за регистрација на моторните возила на договорниот орган.

## VIII.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 10

Доколку за време на важењето на договорот договорниот орган се стекне со други возила или од било кои причини не располага или настанат некои промени на податоците за некое од возилата дадени во прилог 1 кон договорот, за тоа писмено ќе го извести носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за извршениот технички преглед и регистрација според условите дефинирани во член 7 од овој договор.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 12

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 13

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 14

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## X. ВИША СИЛА

Член 15

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат

нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 16

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорни страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 17

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 18

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 19

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 20

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ<br>СКОПЈЕ | Друштво за едукација,<br>тренинг и истражување<br>АМ ЦЕРТ ДООЕЛ<br>СКОПЈЕ |
| Министер за финансии<br>м-р Гордана Димитриеска – Кочоска | Управител<br>Данијела Доневска |

Изработил: Панче Чоневски/Мариа Анѓелеска
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Ирена Петковски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

**Прилог 1**

## СПИСОК НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

| Р. Б | Марка и Тип на возило | Регистарски таблички | Година на производство | Сила на мотор (kw) | Работна зафатнина на мотор (cm3) | Број на мотор | Број на шасија | Корисник на возило | Број ан седишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 | КУ-7267-АЕ | 2000 | 44 | 1390 | ААК230220 | VSSZZZ6K1R161869 | Куманово | 5 |
| 2 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | ШТ-192-ТГ | 2000 | 44 | 1390 | АКК230250 | VSSZZZ6KZ1R164233 | Берово | 5 |
| 3 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | БТ-630-ЦБ | 2000 | 44 | 1391 | АКК228685 | VSSZZZ6KZ1R126036 | Битола | 5 |
| 4 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | КР-0332-АБ | 2000 | 44 | 1390 | АКК230313 | VSSZZZ6KZ1R168961 | Кратово | 5 |
| 5 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 | ВЕ-150-БГ | 2000 | 44 | 1390 | АКК213752 | VSSZZZ6KZ1R057717 | Охрид | 5 |
| 6 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 | НЕ-9224-АБ | 2000 | 44 | 1390 | АКК230264 | VSSZZZ6KZ1R165688 | Ресен | 5 |
| 7 | СЕАТ ИБИЦА | ВЕ-044-КЦ | 2000 | 44 | 1390 | АКК230292 | VSSZZZ6KZ1R166028 | Кавадарци | 5 |
| 8 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | КИ-4098-АД | 2001 | 44 | 1390 | АКК232683 | VSSZZZ6KZ1R248694 | Кичево | 5 |
| 9 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 | ОХ-175-БФ | 2000 | 44 | 1390 | АКК230296 | VSSZZZ6KZ1R166135 | Охрид | 5 |
| 10 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 | ГЕ-6855-АЦ | 2000 | 44 | 1390 | АКК214535 | VSSZZZ6KZ1R059743 | Гевгелија | 5 |
| 11 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | ПП-9835-АФ | 2000 | 44 | 1390 | АКК230268 | VSSZZZ6KZ1R165244 | Прилеп | 5 |
| 12 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | ОХ-872-ХС | 2000 | 44 | 1390 | АКК213429 | VSSZZZ6KZ1R056774 | Кичево | 5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | СР-5486-АЦ | 2000 | 44 | 1390 | АКК214116 | VSSZZZ6KZ1R058666 | Струмица | 5 |
| 14 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 | ТЕ-0310-АК | 2000 | 44 | 1390 | АКК230371 | VSSZZZ6KZ1R168958 | Тетово | 5 |
| 15 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 | СН-2164-АБ | 2000 | 44 | 1390 | АКК228694 | VSSZZZ6KZ1R126138 | Свети Николе | 5 |
| 16 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | КО-2147-АС | 2000 | 44 | 1390 | АКК230229 | VSSZZZ6KZ1R162317 | Кочани | 5 |
| 17 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | СК-027-КГ | 2000 | 44 | 1390 | АКК230232 | VSSZZZ6KZ1R163344 | Скопје-Центар | 5 |
| 18 | ФИАТ ПУНТО 1.2 IE | КП-8403-АБ | 2002 | 44 | 1242 | 1055724 | ZFA18800004480740 | Крива Паланка | 5 |
| 19 | ФИАТ ПУНТО | РА-9870-АБ | 2002 | 44 | 1242 | 1132117 | ZFA18800005184078 | Радовиш | 5 |
| 20 | ФИАТ ПУНТО 1.2 | ГВ-1684-АЕ | 2002 | 44 | 1242 | 1138693 | ZFA18800004504442 | Гостивар | 5 |
| 21 | ШКОДА ФЕЛИЦИЈА GLX | ВА-4634-АВ | 1996 | 43 | 1287 | 2319117 | TMBEEA614T0249067 | Струмица | 5 |
| 22 | ШКОДА ФАБИЈА | СК-386-НТ | 2004 | 47 | 1896 | ASY/224575 | TMBNF46Y844076993 | Скопје-Карпош | 5 |
| 23 | ПЕЖО 307 XS 1.6E | СК-2558-БП | 2003 | 80 | 1587 | 10FX3V2011467 | VF33CNFUB83199511 | Скопје-Кисела Вода | 5 |
| 24 | ШКОДА СУПЕРБ 2.0 TDI | СК-0164-БИ | 2013 | 125 | 1968 | CFG391178 | TMBAF83T9E9027210 | МФ-Скопје | 5 |
| 25 | ШКОДА ОКТАВИА | СК-0336-БИ | 2013 | 110 | 1968 | CKF025614 | TMBAJ6NE5E0076913 | МФ-Скопје | 5 |
| 26 | ШКОДА ОКТАВИА | СК-0186-БИ | 2013 | 110 | 1968 | CKF024010 | TMBAJ6NE0E0073868 | МФ-Скопје | 5 |
| 27 | ШКОДА ОКТАВИА | СК-1417-БХ | 2013 | 77 | 1598 | CLHB23120 | TMBAG6NE4E0074276 | МФ-Скопје | 5 |
| 28 | ШКОДА ОКТАВИА | СК-9731-БХ | 2013 | 77 | 1598 | CLHB23034 | TMBAG6NE9E0074578 | МФ-Скопје | 5 |
| 29 | ШКОДА ОКТАВИА | СК-0339-БИ | 2013 | 77 | 1598 | CLHB23821 | TMBAG6NE3E0074303 | МФ-Скопје | 5 |
| 30 | ШКОДА РАПИД | СК-9734-БХ | 2013 | 63 | 1197 | CBZE76883 | TMBAM4NH7E4013424 | МФ-Скопје | 5 |
| 31 | ШКОДА РАПИД | СК-9752-БХ | 2013 | 63 | 1197 | CBZE77318 | TMBAM4NH0E4013457 | МФ-Скопје | 5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 32 | ШКОДА РАПИД | СК-0340-БИ | 2013 | 63 | 1197 | CBZE76303 | TMBAM4NH7E4013648 | МФ-Скопје | 5 |
| 33 | ШКОДА РАПИД | СК-0338-БИ | 2013 | 63 | 1197 | CBZE76331 | TMBAM4NH3E4013663 | МФ-Скопје | 5 |
| 34 | ШКОДА РАПИД | СК-9754-БХ | 2013 | 63 | 1197 | CBZE79462 | TMBAM4NH5E4013678 | МФ-Скопје | 5 |
| 35 | ШКОДА РАПИД | СК-9758-БХ | 2013 | 63 | 1197 | CBZE84280 | TMBAM4NH0E4014253 | МФ-Скопје | 5 |
| 36 | ШКОДА РАПИД | ШТ-2689-АД | 2013 | 63 | 1197 | CBZE77352 | TMBAM4NH9E4013392 | Штип | 5 |
| 37 | ШКОДА СИТИГО | СК-3708-БЈ | 2013 | 44 | 999 | CHY376271 | TMBZZZAAZED615922 | Гази Баба | 5 |
| 38 | ШКОДА СИТИГО | СК-2431-БИ | 2013 | 44 | 999 | CHY376199 | TMBZZZAAZED615878 | МФ-Скопје | 5 |
| 39 | ХОНДА ЦР-В | СК-0413-БК | 2013 | 114 | 1997 | R20A9/1040772 | SHSRE5780DU020926 | МФ-Скопје | 5 |
| 40 | ВОЛВО ХС 90 | СК-1538-БР | 2015 | 165 | 1969 | 1239443 | YV1LFA4BCG1005007 | МФ-Скопје | 7 |
| 41 | ШКОДА ЈЕТИ | СК-4978-БИ | 2016 | 110 | 1968 | DFS201577 | TMBLD45L4H6032938 | МФ-Скопје | 5 |
| 42 | ШКОДА ЈЕТИ | СК-1412-БХ | 2016 | 110 | 1968 | DFS201970 | TMBLD45LXH6033477 | МФ-Скопје | 5 |
| 43 | ОПЕЛ АСТРА | СК-993-УО | 2010 | 74 | 1398 | A14XFR19UV2675 | W0LPD6EB4AG125851 | Битола | 5 |
| 44 | ФОРД ФИЕСТА | СК-862-ПТ | 2006 | 55 | 1242 | 6B35028 | WF0HXXWPJH6B35018 | Државен девизен инспекторат | 5 |

Прилог 2 – Листа на цени

АМ ЦЕРТ **Дел I Финансиска понуда**

Врз основа на огласот 17640/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Технички преглед и регистрација на службените моторни возила, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

# Финансиска понуда

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ФИАТ ПУНТО Регистарски број КП-8403-АБ Година на производство 2002 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1242 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА ОКТАВИА Регистарски број СК-0336-БИ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 110 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1968 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА РАПИД Регистарски број СК-9758-БХ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 63 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1197 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број КИ-4098-АД Година на производство 2001 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број ПП-9835-АФ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА СИТИГО Регистарски број СК-2431-БИ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 999 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број ОХ-872-ХС Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број ВЕ-150-БГ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА ФАБИЈА Регистарски број СК-386-НТ Година на производство 2004 Сила на мотор (kw) 47 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1896 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА СИТИГО Регистарски број СК-3708-БЈ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 999 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ХОНДА ЦР-В Регистарски број СК-0413-БК Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 114 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1997 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број ТЕ-0310-АК Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА ФЕЛИЦИЈА Регистарски број ВА-4634-АВ Година на производство 1996 Сила на мотор (kw) 43 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1287 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ФИАТ ПУНТО Регистарски број ГВ-1684-АЕ Година на производство 2002 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1242 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА ОКТАВИА Регистарски број СК-9731-БХ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1598 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број ГЕ-6855-АЦ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број СН-2164-АБ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА ОКТАВИА Регистарски број СК-0339-БИ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 77 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1598 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број СК-027-КГ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ФОРД ФИЕСТАРегистарски број СК-862-ПТ Година на производство 2006 Сила на мотор (kw) 55 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1242 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ПЕЖО 307 Регистарски број СК-2558-БП Година на производство 2003 Сила на мотор (kw) 80 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1587 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА РАПИД Регистарски број СК-9734-БХ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 63 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1197 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА ЈЕТИ Регистарски број СК-1412-БХ Година на производство 2016 Сила на мотор (kw) 110 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1968 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА РАПИД Регистарски број ШТ-2689-АД Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 63 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1197 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број БТ-630-ЦБ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71356100-9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број ВЕ-044-КЦ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100-9 | Марка и тип на возило ОПЕЛ АСТРА Регистарски број СК-993-УО Година на производство 2010 Сила на мотор (kw) 74 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1398 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100-9 | Марка и тип на возило ШКОДА РАПИД Регистарски број СК-0340-БИ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 63 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1197 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100-9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број СР-5486-АЦ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100-9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број КУ-7267-АЕ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број ОХ-175-БФ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ФИАТ ПУНТО Регистарски број РА-9870-АБ Година на производство 2002 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1242 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА СУПЕРБ Регистарски број СК-0164-БИ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 125 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1968 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број ШТ-192-ТГ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА ЈЕТИ Регистарски број СК-4978-БИ Година на производство 2016 Сила на мотор (kw) 110 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1968 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |

| **Шифра** | **Назив на ставка** | **Мерна единица** | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупна цена (без ДДВ )** | **ДДВ** | **Цена со ДДВ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71356100-9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број КР-0332-АБ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100-9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број НЕ-9224-АБ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100-9 | Марка и тип на возило ШКОДА РАПИД Регистарски број СК-0338-БИ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 63 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1197 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100-9 | Марка и тип на возило ШКОДА ОКТАВИА Регистарски број СК-1417-БХ Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 77 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1598 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100-9 | Марка и тип на возило ВОЛВО ХС 90 Регистарски број СК-1538-БР Година на производство 2015 Сила на мотор (kw) 165 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1969 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА РАПИД Регистарски број СК-9752-БХ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 63 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1197 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило СЕАТ ИБИЦА Регистарски број КО-2147-АС Година на производство 2000 Сила на мотор (kw) 44 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1390 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА РАПИД Регистарски број СК-9754-БХ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 63 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1197 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| 71356100 -9 | Марка и тип на возило ШКОДА ОКТАВИА Регистарски број СК-0186-БИ Година на производство 2013 Сила на мотор (kw) 110 Работна зафатнина на мотор (cm3) 1968 | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| | | | | **Вкупно** | 52.203,36 ден | 9.396,60 ден | 61.599,96 ден |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **52.203,36 (педесет и две илјади двеста и три денари и триесет и шест дени)** денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **9.396,60** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Прилог 3 кон договорот - Список со број и локација на станици за технички преглед и регистрација на моторни возила

| РБ | Град во кој се бара да има станица за технички преглед | Град во кој има станица за технички преглед | Број и податоци на станиците за технички преглед |
|---|---|---|---|
| 1 | Скопје | Скопје | ул. 16-та Македонска бригада бр. 2, н. Автокоманда |
| 2 | Скопје | Скопје | ул. Борис Трајковски бр.202 Б (комплекс Стаклара), н. Кисела Вода |
| 3 | Скопје | Скопје | ул. Борис Трајковски бр. 21, н. Кисела Вода |
| 4 | Тетово и Гостивар (во најмалку еден град од наведените градови); | Тетово | Д.П.Т.Т.У. ЗЃИМИ КОМПАНИ с.Порој – Тетово |
| 5 | Битола, Крушево и Прилеп (во најмалку еден град од наведените градови); | Прилеп | Центар за возила Прва Прилеп ДОО Ул.„Александар Македонски“ ББ Прилеп |
| 6 | Охрид, Струга, Кичево (во најмалку еден град од наведените градови); | Струга | РЕПРОГРЕС 2020 ДОО с. Мислешево - Струга |
| 7 | Велес, Неготино и Кавадарци (во најмалку еден град од наведените градови); | Кавадарци | Велком Трејд ДООЕЛ ул.„Западен булевар“ бр.129 Кавадарци |
| 8 | Гевгелија, Струмица (во најмалку еден град од наведените градови); | Гевгелија | ЦТП ГРУП ДООЕЛ ул.„Борис Кидрич“ бр.13 Гевгелија |
| 9 | Штип, Кочани, Виница, Пробиштип, Берово, Делчево, Радовиш и Кратово (во најмалку еден град од наведените градови) | Облешево Кочани | Еуроконтрол Еко ДООЕЛ с. Облешево - Кочани |
| 10 | Куманово, Свети Николе и Крива Паланка (во најмалку еден град од наведените градови) | Куманово | ТОП-АУТО ФЕР ДООЕЛ КУМАНОВО ул.„11 Ноември“ бр.286 |